# Службен весник на Република Македонија

**Број 145** | **12 октомври 2017, четврток** | **година LXXIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2846. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2017 година. | 2 |
| 2847. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуките за формирање на Општинските изборни комисии....... | 2 |
| 2848. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуките за формирање на Општинските изборни комисии....... | 3 |
| 2849. | **Решение** за изменување на Решението за забрана на увоз и транзит на домашни и диви еквиди заради заштита од внесување на вирусот на западно нилска треска во Република Македонија..... | 4 |
| 2850. | **Решение** за престанок на важење на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Чешка... | 5 |
| 2851. | **Решение** за дополнување на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Италија......... | 5 |
| 2852. | **Решение** за престанок на важење на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Кралството Белгија........ | 6 |
| 2853. | **Решение** за престанок на важење на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Словачка................................ | 6 |
| 2854. | **Решение** за престанок на важење на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Кралството Шпанија | 6 |
| 2855. | **Решение** за престанок на мандатот член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија........ | 7 |
| 2856. | **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Македонија за месец септември 2017 година... | 7 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-56 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2846.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 10.10.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА НОВО ЗАДОЛЖУВАЊЕ ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА ДОМАШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПАЗАР ВО 2017 ГОДИНА

1. Во Одлуката за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност во 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 206/2016), во точката 2 зборовите: „8.529.610.000,00 (осум милијарди петстотини и дваесет и девет милиони шестотини и десет илјади) денари“, се заменуваат со зборовите: „11.510.000.000,00 (единаесет милијарди петстотини и десет милиони) денари“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6157/1
10 октомври 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

# ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**2847.**

Врз основа на член 31 став (1) точка 1, а во врска со членови 18 став (3), 33 став (1), 34 став (1) и (4) и 35 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 136/16, 142/16 и 67/17), Државната изборна комисија на седницата одржана на 9.10.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ

I. Во одлуките за формирање на општинските изборни комисии, број 08-1304/1 од 28.4.2016 година, објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 84 од 30 април 2016, број 08-1304/3, 6.5.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 89 од 9.5.2015, број 08-1304/5 од 10.5.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 92 од 11.5.2017, број 08-2788/1 од 28.10.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 198 од 29.10.2016, број 08-2788/3 од 3.11.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 201 од 4.11.2016 година, број 08-2788/5 од 9.11.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 203 од 10.11.2016 година, број 08-2788/7 од 14.11.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 204 од 14.11.2016 година, број 08-2788/9 0д 22.11.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 207 од 22.11.2016 година, број 08-2788/11 од 28.11.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 210 од 28.11.2016 година, број 08-2788/13 од 8.12.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 08-1608/1 од 18.8.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 113 од 18.8.2017 година, број 08-1608/3 од 22.8.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 116 од 23.8.2017 година, број 08-1608/5 од 30.8.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 124 од 7.9.2017 година, број 08-1608/9 од 13.9.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 127 од 13.9.2017 година, број 08-1608/11 од 20.9.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 132 од 20.9.2017 година и број 08-1608/13 од 4.10.2017 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 142 од 5.10.2017 година, Државната изборна комисија решавајќи по поднесените барања за неприфаќање за извршување на должноста претседател, член или заменик член во општинските изборни комисии поради здравствени или семејни причини, ги изврши следните измени и дополнувања:

1. Во составот на Изборната комисија на БРВЕНИЦА, заменикот член ДАШМИРЕ ЗИБЕРИ вработена во Општина Брвеница СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира МИНИРЕ АДЕМИ вработена во Општина Тетово.

2. Во составот на Изборната комисија на ГРАДСКО, членот РОБЕРТ БЕШОВСКИ вработен во Општина Градско СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира АНТОНИО ТРАЈКОВСКИ вработен во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. Во составот на Изборната комисија на ГРАДСКО, членот ГЛИГУР КОЦЕВ вработен во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира МАРЈАНЧО ТОДОРОВСКИ вработен во Агенција за безбедност на класифицирани информации.

4. Во составот на Изборната комисија на ЗРНОВЦИ, членот ТАТЈАНА ЛАЗАРОВА ОСОГОВСКА вработена во Биро за развој на образованието СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира ЛИЛЈАНКА АНДОНОВА вработена во Општина Чешиново-Облешево.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет страницата на Државна изборна комисија.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, согласно член 18 став 3 од Изборниот законик, лицето избрано за член на општинска изборна комисија може да поднесе барање за изземање до Државната изборна комисија, во рок од 48 часа од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Доставување на барање за изземање по пошта не е дозволено.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1608/15 | Државна изборна комисија |
| 10 октомври 2017 година | Претседател, |
| Скопје | **Александар Чичаковски,** с.р. |

**2848.**

Врз основа на член 31 став (1) точка 1, а во врска со членови 18 став (3), 33 став (1), 34 став (1) и (4) и 35 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 136/16, 142/16 и 67/17), Државната изборна комисија на седницата одржана на 11.10.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ

I. Во одлуките за формирање на општинските изборни комисии, број 08-1304/1 од 28.4.2016 година, објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 84 од 30 април 2016, број 08-1304/3, 6.5.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 89 од 9.5.2015, број 08-1304/5 од 10.5.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 92 од 11.5.2017, број 08-2788/1 од 28.10.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 198 од 29.10.2016, број 08-2788/3 од 3.11.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 201 од 4.11.2016 година, број 08-2788/5 од 9.11.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 203 од 10.11.2016 година, број 08-2788/7 од 14.11.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 204 од 14.11.2016 година, број 08-2788/9 0д 22.11.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 207 од 22.11.2016 година, број 08-2788/11 од 28.11.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 210 од 28.11.2016 година, број 08-2788/13 од 8.12.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“, број 08-1608/1 од 18.8.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 113 од 18.8.2017 година, број 08-1608/3 од 22.8.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 116 од 23.8.2017 година, број 08-1608/5 од 30.8.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 124 од 7.9.2017 година, број 08-1608/9 од 13.9.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 127 од 13.9.2017 година, број 08-1608/11 од 20.9.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 132 од 20.9.2017 година, број 08-1608/13 од 4.10.2017 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 142 од 5.10.2017 година и број 08-1608/15 од 10.10.2017 година, Државната изборна комисија решавајќи по поднесените барања за неприфаќање за извршување на должноста претседател, член или заменик член во општинските изборни комисии поради здравствени или семејни причини, ги изврши следните измени и дополнувања:

1. Во составот на Изборната комисија на ЗРНОВЦИ, членот ВИКТОР АНАКИЕВ вработен во Министерство за финансии-Управа за јавни приходи СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира ВЛАДО ПОСТОЛОВСКИ вработена во Агенција за катастар Кочани.

2. Во составот на Изборната комисија на ЦЕНТАР, претседателот РАДМИЛО САВОВСКИ вработен во Општина Центар СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира ДЕЈАН ДАМЈАНОВСКИ вработен во Служба за општи и заеднички работи Влада на РМ.

3. Во составот на Изборната комисија на РАДОВИШ, членот ОРЦЕ ВИТАНОВ СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира ДУШАН ЧАМИНСКИ вработен во Општина Радовиш.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет страницата на Државна изборна комисија.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, согласно член 18 став 3 од Изборниот законик, лицето избрано за член на општинска изборна комисија може да поднесе барање за изземање до Државната изборна комисија, во рок од 48 часа од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Доставување на барање за изземање по пошта не е дозволено.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1608/17 | Државна изборна комисија |
| 11 октомври 2017 година | Претседател, |
| Скопје | **Александар Чичаковски,** с.р. |

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**2849.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ДОМАШНИ И ДИВИ ЕКВИДИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ЗАПАДНО НИЛСКА ТРЕСКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на домашни и диви еквиди заради заштита од внесување на вирусот на западно нилска треска во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/17 и 130/17), Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1, кој е даден во прилог и е составен дел на ова решение.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-2857/5 | Агенција за храна |
| 5 октомври 2017 година | и ветеринарство |
| Скопје | в.д. Директор, |
| | **Зоран Атанасов,** с.р. |

**Прилог 1**

**1. Грција**
- Следните региони во Грција
Арголида/Argolis
Ханиа/Chania
Тесалоники/Thessaloniki
Аркадија/Arkadia

**2. Италија**
- Следните региони во Италија
Кунео/Cuneo
Верона/Verona
Венеција/Venezia
Падова/Padova
Ровиго/Rovigo
Гросето/Grosseto
Ливорно/Livorno

Витербо/Viterbo

Ористано/Oristano

**3. Унгарија**

- Следните региони во Унгарија

Саболч-Сатмар-Берег/Szabolcs-Szatmár-Bereg

Пест/Pest

Толна/Tolna

**4. Шпанија**

Утрера (Бахо Гвадалкивир)/Utrera (Bajo Guadalquivir)

**5. Австрија**

Корнебург/Korneuburg

---

**2850.**

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ЧЕШКА**

Член 1

Со ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Чешка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/17, 16/17, 29/17 и 48/17).

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-335/4 | Агенција за храна |
| 5 октомври 2017 година | и ветеринарство |
| Скопје | в.д. Директор, |
| | **Зоран Атанасов,** с.р. |

---

**2851.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Италија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 10/17, 18/17, 31/17, 47/17, 67/17, 117/17, 121/17 и 130/17), во членот 1 став (1) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

“ - Виченца/Vicenza,”.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3146/3
5 октомври 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

---

**2852.**

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД КРАЛСТВОТО БЕЛГИЈА**

Член 1

Со ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Кралството Белгија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/17).

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3586/1
5 октомври 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

---

**2853.**

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА СЛОВАЧКА**

Член 1

Со ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Словачка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/17, 19/17, 49/17 и 67/17).

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-186/5
9 октомври 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

---

**2854.**

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД КРАЛСТВОТО ШПАНИЈА**

Член 1

Со ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Кралството Шпанија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/17).

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1344/2
9 октомври 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2855.**

Советот на јавните обвинители на Република Македонија, согласно член 9 став1 в.в член 35 став 1 точка 3 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), на одржаната дваесет и деветa седница на ден 6.10.2017 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

На членот на Советот на јавните обвинители на Република Македонија Зоран Сулејманов му престанува мандатот член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија поради исполнување на услови за старосна пензија сметано од 6.10.2017 година.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 6.10.2017 година

Бр. 04-218/1
6 октомври 2017 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Коле Штерјев,** с.р.

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**2856.**

Врз основа на член 44, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15 и 27/16) Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**О Б Ј А В А**

**ЗА ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2017 ГОДИНА**

Индексот на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари - септември 2017 година, во однос на просечните цени на мало во 2016 година, изнесува 2.7%.

в.д. Директор,
**Апостол Симовски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2017145